Врз основа на член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15, 8/18, 6/19 и 29/19) Градоначалникот на општина Струмица, објавува

## С О О П Ш Т Е Н И Е  З А  Ј А В Е Н  П О В И К

Се организира јавна анкета и јавна презентација за изработка на Урбанистички план за село Муртино, општина Струмица. Планскиот опфат го опфаќа селото Муртино, општина Струмица, на подрачјето на КО Муртино и КО Муртино вон г.р.

Површината на планскиот опфат изнесува 126.99 Ха.

Одлуката за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи ,на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

Јавната анкета ќе трае од 17.11.2021 год. до 30.11.2021 год.

Јавната презентација ќе се одржи во просториите на Дом на Култура, село Муртино, на ден 19.11.2021 година во 11:00 часот.

Заинтересираните физички и правни лица можат на анкетни листови да достават забелешки и предлози по Нацрт планот, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

Бр.03-7020/4
10.11.2021 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Костадин Костадинов